РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВЕЛЕС
бр: 08-2022/14
16.11.2021 год.

Врз основа на член 138, став 8 од Законот за животната средина („Службен весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18), Градоначалникот на Општина Велес, постапувајќи по Известување бр.23-2022/1 од 14.05.2021г. за реализација на Оперативен план согласно Дозволата за усогласување со оперативен план и Барање за издавање Б-Интегрирана еколошка дозвола од страна на носителот на Дозволата/Оператор на инсталацијата Прехранбена индустрија "Благој Ѓорев" (ново трговско име: Прехранбена индустрија "КРИСТАЛ 1923" АД Велес), со регистрирано седиште на ул.Алексо Демниевски бр.18 од Велес, а по спроведена постапка за издавање на Б-Интегрирана еколошка дозвола, донесува:

## РЕШЕНИЕ
### *за издавање на Б-Интегрирана еколошка дозвола*

1. **СЕ ИЗДАВА** Б-Интегрирана еколошка дозвола на Прехранбена индустрија "КРИСТАЛ 1923" АД Велес, со регистрирано седиште на ул. Алексо Демниевски бр.18 Велес, за инсталацијата за производство на растително масло за јадење, маргарин, кондиторски производи (таан и таан алва, локум, желе, мармалади), оцет, зачини и масни киселини, со капацитет од 100 т/ден готов производ, лоцирана на ул. Алексо Демниевски бр.18 Велес.

2 **СЕ ЗАДОЛЖУВА** Операторот на инсталацијата Прехранбена индустрија "КРИСТАЛ 1923" АД Велес, при користење и управување со инсталацијата да ги почитува сите услови и мерки утврдени во Б-Интегрираната еколошка дозвола со бр. 08-2022/13 од 16.11.2021г.

3 Ова решение влегува во сила од денот на неговото донесување.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Прехранбена индустрија "КРИСТАЛ 1923" АД Велес, со регистрирано седиште на ул.Алексо Демниевски бр.18 од Велес е Оператор на инсталацијата за производство на растително масло за јадење, маргарин, кондиторски производи (таан и таан алва, локум, желе, мармалади), оцет, зачини и масни киселини, лоцирана на ул. Алексо Демниевски бр.18 во Велес.

Операторот на инсталацијата беше носител на Дозвола за усогласување со оперативен план бр.08-1228/2 од 13.03.2014г., со пропишани услови и мерки за усогласување, под трговско име ПИ "Благој Ѓорев" АД Велес. На 12 Јуни 2020г. со Одлука на Собрание на акционери, ПИ "Благој Ѓорев" АД Велес се преименува во Прехранбена индустрија "КРИСТАЛ 1923" АД Велес.

На ден 14.05.2021г. до Општина Велес е доставено Известување бр.23-2022/1 за реализација на Оперативен план согласно Дозволата за усогласување со оперативен план и Барање за издавање на Б-Интегрирана еколошка дозвола во кое се содржани промени во инсталацијата во периодот на усогласување.

Во текот на спроведувањето на постапката за добивање на Б-Интегрирана еколошка дозвола дадено е право на засегнатата јавност, како и на Операторот да се произнесе за условите и мерките од Нацрт Б-Интегрираната еколошка дозвола.

Забелешки по содржината на Нацрт Б-Интегрираната еколошка дозвола со бр.23-2022/10 од 29.10.2021г. доставени се до Надлежниот орган, врз основа на кои е одржан работен состанок на ден 01.11.2021г. На состанокот детално беа разгледани забелешките од страна на претставниците на Надлежниот орган и барателот/операторот врз основа на кои е изготвен Записник бр. 23-2022/11 од 04.11.2021г., согласно кој се извршени потребните корекции и вградени во содржината на Б-Интегрираната еколошка дозвола.

Бидејќи Операторот ги исполнува условите за добивање на Б-Интегрирана еколошка дозвола, а по претходно спроведената постапка за добивање на Б-Интегрирана еколошка дозвола, утврдена во член 126 и член 127 од Законот за животната средина („Службен весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18), Градоначалникот на Општина Велес одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение Операторот на инсталацијата и засегнатите правни и физички лица, како и здруженија на граѓани основани заради унапредување и заштита на животната средина може да поднесат жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, во рок од 15 дена од денот на донесувањето на решението.

*Доставено до:*

- Операторот на инсталацијата
- Архива
- Министерство за животна средина и просторно планирање

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев

Изготвил: ДП
Контролирал: БШМ
Одобрил: ПЦ